


# СОБРАНИЕ
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Собранието на Република Македонија е еднодомно претставничко тело на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.



*Зградата на Собранието на Република Македонија*

Собранието го сочинуваат 123 пратеници. Од нив, 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со Изборниот законик во кои се избираат по 20 пратеници. Преостанатите тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа, по еден пратеник во секоја од трите изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија, со што државјаните на Република Македонија кои живеат или се на привремен престој во странство имаат можност да го остварат своето избирачко право и да изберат свои претставници во Собранието.

Мандатот на пратениците трае четири години, без ограничување за повторен избор.

Избирањето на пратениците на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, овозможува изворот на нивниот легитимитет да биде волјата на граѓаните и претставува остварување на уставната одредба, според која, суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Поимот „собрание" соодветно ја отсликува суштината на законодавниот дом - место каде претставниците се собираат и преку организирана расправа донесуваат закони и други акти.

## КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

Собранието се конституира најдоцна 20 дена по одржаните избори за пратеници. Конститутивната седница ја свикува претседателот на Собранието од претходниот состав. Доколку во овој рок не се одржи конститутивната седница, пратениците сами се состануваат и го конституираат Собранието на дваесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите. На оваа седница се верифицира мандатот на пратениците по предлог на Верификационата комисија.

На истата седница, Собранието од редот на пратениците избира и претседател на Собранието.

Со верификацијата на мандатите, пратениците се стекнуваат со права и должности утврдени со Устав, закон и Деловник. На пратениците им се издаваат легитимации во кои се внесуваат правото на имунитет и другите права што можат да се остварат врз основа на функцијата пратеник.

По конституирањето, Собранието може да ги извршува своите најзначајни функции:

законодавната, изборната и контролно - надзорната функција.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА СОБРАНИЕТО

Основна надлежност на Собранието е донесувањето на закони со кои правно се уредуваат општествените односи и се пропишуваат права, обврски и одговорности за општествените субјекти.

Покрај донесувањето на законите, Собранието е единствен орган кој дава автентични толкувања на законите со кои се укажува на вистинското значење и намера на законодавецот и се даваат насоки за негово доследно спроведување.

Исто така, Собранието го донесува и изменува највисокиот правен акт, Уставот на Република Македонија, понатаму, ги донесува републичкиот буџет, завршната сметка на буџетот, како и просторниот план на Републиката, а во рамките на вршењето на своите надлежности донесува и декларации, со кои Собранието зазема став по прашања кои имаат општо политичко значење; резолуции, со кои се укажува на состојбата, проблемите и мерките што треба да се преземат во одредена област; препораки, со кои се даваат насоки за надминување на тековните состојби во одредена област.

Собранието има и надлежност да одлучува за изборот на членови на државни органи и да именува носители на јавни функции. Така, Собранието ја избира Владата на Република Македонија, избира судии на Уставниот суд, го избира Народниот правобранител, го именува и разрешува Јавниот обвинител на Република Македонија и врши избор, именување и разрешување на носители на јавни и други функции утврдени со Уставот (изборна надлежност).

Уставот предвидува и инструменти за контрола на другите органи и носители на јавни функции од страна на Собранието (пратеничко прашање, интерпелација, гласање за недоверба на Владата итн.).

Слична на последната, Собранието има и надзорна надлежност, која се остварува преку надзорните расправи кои се спроведуваат од матичното работно тело во чиј делокруг спаѓа прашањето што е предмет на интерес. Овие расправи се одржуваат за да се добијат информации и стручни мислења во врска со спроведувањето на политиките, извршувањето на законите и другите активности на Владата и на органите на државната управа.

Собранието, исто така ги утврдува јавните давачки, ратификува меѓународни договори, одлучува за војна и мир, донесува одлука за менување на границата на Републиката, донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави, распишува референдум, одлучува за резервите на Републиката, основа совети, дава амнестија и врши други работи утврдени со Уставот.

## ОДНОСОТ НА СОБРАНИЕТО СО ДРУГИТЕ НОСИТЕЛИ НА ВЛАСТА

Принципот на поделба на власта е една од темелните вредности на уставниот поредок во Република Македонија. Според Уставот на Република Македонија, државната власт е поделена на законодавна, извршна и судска власт.

Во рамките на поделбата на власта се предвидени одредени механизми кои обезбедуваат заемно „влијание“ на законодавната, извршната и судската власт.

### Односот на Собранието со Владата

Владата на Република Македонија е носител на извршната власт. Таа ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и воедно е одговорна за нивното извршување.

Владата е најчест предлагач на законите. Учеството во законодавниот процес, Владата го остварува преку механизмот на давање мислење за оние предлози на закони каде не е предлагач, преку учеството на нејзините претставници во работата на Собранието и неговите работни тела и преку правото да иницира свикување на пленарна седница на Собранието.

Контролата над работата на Владата, Собранието го врши на три начина: преку правото да го донесува буџетот, преку инструментите за вршење контрола над работата на Владата (пратенички прашања, интерпелација) и преку поведување постапка за изгласување на недоверба на Владата. Преку последните два инструмента Собранието врши политичка контрола врз работата на Владата како извршен орган.

Владата во своето работење треба да ја ужива довербата на Собранието, а преку него и на мнозинството граѓани. Собранието може да изгласа недоверба на Владата.

Одлуката за изгласување недоверба се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Ако на Владата и е изгласана недоверба должна е да поднесе оставка.

### Односот на Собранието со претседателот на Републиката

Претседателот на Република Македонија ја претставува Републиката. Тој е врховен командант на вооружените сили на Македонија и воедно носител на извршната власт заедно со Владата.

Претседателот на Републиката учествува во законодавниот процес преку правото на суспензивно вето на законите кои се изгласани во Собранието. За секој донесен закон, претседателот на Републиката треба да потпише указ за прогласување на законот (заедно со претседателот на Собранието). Претседателот може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, доколку смета дека не е во согласност со Уставот или е во спротивност со потврдените меѓународни договори. Доколку, претседателот не го потпише указот, законот се враќа во Собранието на повторно разгледување.

Собранието има право да покрене постапка за одговорност на претседателот на Републиката. Доколку таквата иницијатива ја поддржат најмалку 2/3 од пратениците, таа се упатува до Уставниот суд кој е единствен надлежен да одлучува по ова прашање.

### Односот на Собранието со судската власт

Судската власт ја вршат судовите. Судовите во својата работа се независни и самостојни. Законот со кој се уредуваат видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Исто така, Собранието го утврдува судскиот буџет и избира три члена од петнаесет членови на Судскиот совет.

## КАКО РАБОТИ СОБРАНИЕТО

### Седници на Собранието

Собранието на Република Македонија е во постојано заседание.

Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието. Седниците се јавни, но Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста, за што е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Седниците се одржуваат во времето од 11,00 до 18,00 часот со пауза од еден час, ако претседателот на Собранието за одделни седници поинаку не одлучи.

Претседателот на Собранието може да свика седница и по барање на претседателот на Републиката, на Владата и на најмалку 20 пратеници.

Иако одморот на Собранието трае од 1 до 31 август, претседателот на Собранието може и во тој период да свика седница на Собранието.

Со седниците на Собранието претседава претседателот на Собранието. Собранието работи на седницата според однапред утврден дневен ред. На седницата никој не може да зборува пред да побара и да добие збор од претседателот на Собранието.

### Кворум

Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број на пратеници ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

Бројот на присутните пратеници го соопштува претседателот на Собранието.

### Работни тела (комисии)

Заради детално разгледување на предлозите на законите и останатите прашања во надлежност на Собранието, во негови рамки се формираат постојани и повремени работни тела кои придонесуваат за негова поефикасна работа.

Постојаните работни тела (комисиите) се основаат на почетокот на мандатот на Собранието и функционираат во текот на целиот мандат, додека повремените се формираат по потреба. Работните тела се основаат со одлука на Собранието.

Работните тела се конституираат по области, така што предлозите на законите и други акти ги разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија. За секое прашање што го разгледува, работното тело зазема став и поднесува извештај до Собранието.

Составот на работните тела и на анкетните комисии се утврдува во зависност од бројот на пратениците во пратеничките групи, пратениците кои не се организирани во пратеничка група и во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Работните тела на Собранието имаат претседател, заменик на претседателот и одреден број на членови и нивни заменици.

Работното тело може да има и двајца надворешни членови - научни и стручни лица кои учествуваат во работата без право на одлучување.

Исто така, работното тело на седниците може да поканува научни и стручни лица, претставници на локалната самоуправа, на здруженија и сл. заради изнесување на мислења по прашањата кои што се разгледуваат на седницата на телото.

### Јавност во работата

Јавноста е основен принцип во работата на Собранието. Седниците на Собранието се јавни и нивниот тек може да се следи во живо на Собранискиот канал на Македонската радиотелевизија, како и на интернет, преку интернетската страна на Собранието (www.sobranie.mk).

За работата на Собранието известуваат средствата за јавно информирање. Нивните претставници имаат право да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа.

Граѓаните пак, можат да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите.

Заради известување за својата работа, Собранието издава гласило и други публикации.

## ИЗБОР, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

Пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Нивниот мандат претставува јавна функција и е неспоива со вршење друга јавна функција или професија.

Право да биде избран за пратеник има секој граѓанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност. Граѓанинот може да се кандидира за пратеник преку политичка партија или преку група избирачи, доколку соберат најмалку 1.000 потписи.

Мандатот на пратениците трае четири години и почнува да тече од конститутивната седница на Собранието и истиот може да се продолжи само во случај на воена или вонредна состојба.

Во Собранието се основаат пратенички групи, при што пратеникот може да биде член само на една пратеничка група.

Право и должност на пратеникот е да присуствува на седниците на Собранието и да учествува во работата и во одлучувањето.

Пратениците уживаат имунитет. Пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието.

Пратеникот одлучува по свое сопствено уверување и не може да биде отповикан под никакви услови. Тој е претставник на сите граѓани и донесува одлуки во име на сите граѓани на Република Македонија.

Последниот ден од работната недела (петок) е предвиден за остварување на контакти на пратениците со граѓаните од нивните изборни единици. Ова е можност за пратениците да ги чујат мислењата и проблемите на граѓаните и да преземат разни иницијативи.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

Овој документ е изработен во рамките на проектот "Воспоставување и развој на Парламентарниот институт" на Собранието на Република Македонија, кофинансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) со советодавна поддршка од Националниот демократски институт (НДИ). Мислењата изразени овде не мора да ги одразуваат ставовите на СДЦ или НДИ.

Публикувано од Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија, 11 Октомври 10, 1000 Скопје
Подготвено од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт, декември 2014